

**Македонска песнарка** е стихозбирка напишана од македонскиот национален и револуционерен деец Ѓорѓија Пулевски. Стихозбирката *Македонска песнарка* се состои од два дела (две книшки) и е објавена во 1879 година во Софија. Како и во својата поема Самовила Македонска, Ѓорѓија Пулевски и во ова свое дело со силен македонски патриотски набој ги повикува Македонците да се кренат во борба за својата слобода и слобода на Македонија. Во песните тој вклучува обраќања кон Македонците, но и кон европската јавност, реагирајќи против решенијата на Берлинскиот конгред во 1878 (по Руско-турската војна и ослободувањето на Бугарија) со кои се оставила Македонија пак под турското ропство. Исто така и во песните на оваа стихозбирка Ѓорѓија Пулевски ја истакнува непосредната поврзаност на Македонците со Античките Македонци, а Александар Македонски и Филип Македонски ги споменува како *наши* македонски цареви.

**Македонцим ув прилог**

Една од песните во стихозбирката Македонска песнарка е песната *Македонцим ув прилог*. Во оваа песна Ѓорѓија Пулевски повторно се повикува и ги потсетува Македонците на нивното славно минато и историја со нивните кралеви Филип Македонски и Александар Македонски. Понатаму тој реагира против решенијата од Берлинскиот конгрес со кои Македонија била оставена под турското ропство, за на крај да ги повика своите сонародници - Македонци да се кренат и јуначки да се борат како под цар Александар и историјата стара да ја оживеат.

*Татковина ја ово место мило Македонцим,*
*кралевина била под краљом Филипом,*
*старо царство, јесте од цара Александра,*
*наш цар македонски, познат Александар велики ув вселену.*
*Он је наше царство во Полостров Балкански*
*је го оставил все горским Славјаним.*
*Чујте, браќа наши јевропски христијани,*
*да ја наша судбина нами досадила*
*мије хоштеме нашу домовину.*
*Ево днеска в македонскеј кралевини наши браќа тужат*
*зашто само назе под ропство оставајет*
*зато и мије хоштеме своју домовину!*
*Братије наши Македонци од православну веру,*
*да се сви сложиме, јуначки бориме,*
*како наши стари под цар Александром,*
*повтор спомен своим имјам по нас оставиме!*
*Историју стару да ју оживиме,*
*мије глејте сега да ју исполниме.*